ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 2 МАРТ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Градоначалникот Трајковски: со солидарност и одговорност ќе излеземе победници од оваа криза**
- **Солидарност на делчевските советници: се откажаа од два советнички паушали во интерес на борбата со пандемијата на 21 век**
- **Советниците донесоа Препораки за заштита на здравјето на граѓаните на територијата на Општина Делчево**

## Делчево во борба против коронавирусот



Екипите на ТППЕ Делчево вршат редовна дезинфекција на фреквентните улици во градот и селските средини. Дезинфецирањето на улиците ќе продолжи и наредниот период, како една од мерките за превенција од болеста со коронавирусот, донесена со Одлука на Советот на Општина Делчево и согласно со Препораките од Владата на РСМ. Дезинфенкцијата се врши со раствор од хлор.

## Интервју со градоначалникот



**Градоначалникот Трајковски: со солидарност и одговорност ќе излеземе победници од оваа криза**



**Солидарност на делчевските советници: се откажаа од два советнички паушали во интерес на борбата со пандемијата на 21 век**



**Советниците донесоа Препораки за заштита на здравјето на граѓаните на територијата на Општина Делчево**

# Интервју со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски



Интервју

**Интервју со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски**

1. **Државава, а со тоа и Општина Делчево ги живеат најтешките денови од своето постоење и се борат за сузбивање на заразата од Ковид-19. Во таа смисла, Општина Делчево е една од првите општини кои на локално ниво преку Советот донесоа сет мерки за превенција од појавата и ширењето на заразата на територијата на Делчево, дали како прв човек на Општината сте задоволни од спроведувањето на мерките на локално ниво, а секако и од реакцијата на службите кои се први во борбата со ширење на заразата?**

Пред да одговорам на прашањето сакам да изразам јавна благодарност до сите надлежни служби за брзата, одговорната акција и за посветеноста на сите без исклучок, во борбата за зачувување на јавното здравје. Овде посебно ќе ги споменам припадниците на полицијата во Делчево, здравствените работници, но и делчевските пожарникари и комуналните работници. Сите, институции одговорно си ги презедоа обврските и одговорно ги извршуваат задачите за превенција од појавата на коронавирусот на територијта на Делчево. При првиот аларам кој стигна од Владата и Министерството за здравство, ние се екипиравме и презедовме мерки на локално ниво. Со поддршка на делчевските советници ги донесовме првите локални мерки за превенција, бидејќи сметавме дека тоа е најсоодветно, по што следуваа и заклучоците од Регионалниот кризен штаб и Општинскиот кризен штаб. Времено го затворивме градскиот пазар и започнавме со дезинфекција на најфреквентните улици во градот, па продолживме со дезинфекција на улиците по селата од збиен тип, па потоа просторот и објектите на ГП Делчево, каде има голема фреквенција на возила и луѓе. Вршиме дезинфекција на сите јавни објекти, колективни објекти за домување, урбана опрема и сл. Целта ни е да превенираме и да си ја задржиме мирната епидемиолошка слика.

Делчево, прв пат, од ослободувањето живее во вонредна состојба и сите се учиме како да функционираме во вакво време. Состојбата се менува од час во час и затоа уште еднаш, по кој знае кој пат, ќе апелирам до граѓаните да ги почитуваат мерките за изолација, полицискиот час, да не се групираат, да преземаат соодветни мерки за дезинфекција и лична заштита, бидејќи колку повеќе ги почитуваме мерките толку побрзо ќе излеземе од оваа ситуација како побединци. Би сакал и да потенцирам дека сите граѓани треба да имаат доверба во системот, во институциите, бидејќи сите фактори се влучени посветено и одговорно во борбата за јавното здравје. Кога е здравјето во прашање, сè друго е неважно или се става во втор план, а довербата во надлежните е таа која треба да нè води во ова време на криза.

**2. Кој е Вашиот впечаток, а согласно и со податоците кои ги имате од надлежните служби, дали делчевци се придржуваат на препораките и ги почитуваат мерките?**

Генерално, задоволен сум од граѓаните од нивното почитување на мерките. Во периодот од 13 март до денеска извршени се 720 контроли на лица во самоизолација во Делчево, а 5 лица се во државен карантин. ПС Делчево поднела 16 кривични пријави од кои 5 се за кривично дело за непочитување на мерката за самоизолација, додека 11 лица го прекршиле полицискиот час. Во Здравствениот дом Делчево екипираноста со кадар ги задоволува потребите, а во моментов се уредува простор за отворање пункт за земање брисеви за тестирање од коронавирус. Според информацијата од Центарот за јавно здравје, ПЕ Делчево, на територијата на Делчево, досега за коронавирусот се тестирани 6 лица и сите тестови се негативни, а уште 5 лица се во самоизолација.

**3. Г-не Трајковски, Вие иницИравте донаторска акција и ги повикавте фирмите од Делчево да се вклучат во набавата на потребните средства за заштита на населението од заразата, дали сте задоволни од нивниот одзив и како се одвива акцијата?**

Во време на криза и кога се бориме за јавното здравје на секој поединец, треба сите да бидеме одговорни и солидарни. Сметам дека секој може и треба да помогне онолку колку што може, нашите советници се откажаа од два советнички паушали и средствата ќе се наменат исклучиво за потребите во справувањето со заразата. Целта на хуманата акција ни беше да помогнеме на службите кои се први на удар, да обезбедиме средства за нивна заштита, но бидејќи акцијата беше прифатени од поголем број фирми, соодветни заштитни средства ќе дистрибуираме, буквално, до секој поединец Како општина ја направивме првата порачка на платно за шиење маски, а се јави и првата конфекција „Милтекс-кал“, иако мала по број на вработени,сепак прва се понуди да ги сошие маските. Потоа се влучија и фирмите „Алпин-ком“(која набави материјал за 4000 заштитни маски), „Дамјанов“(ги изработува маските бесплатно), „Фротирка“(набави помошен материјал за маските), „ИГМАТОМИ - ТЕКС“ (подели заштитни маски во с.Разловци),„Витекс” (додели бесплатни маски за локалната самоуправа),„Брегал“ од каде се изработија и се дистрибуираа над 200 пластични заштити за лице,а се собраа и средства за набавка на дезинфициенски, ракавици од „Форстек“, „Фротекс-компани“, „ВАМ-консалтинг“, „Хит Дизајн“ и ДТ „Камче“ кои обезбедија дезинфициенси и ракавици. Акцијата е уште во тек, се изработуваат 10.000 маски, а мобилните екипи на Општина Делчево секојдневно вршат дистрибуција на заштитната опрема до сите институции и поединци. Дистрибуирани се 4.700 маски за лице, 150 антибактериски гелови за раце, 500 пара ракавици, а имаме обезбедено и 15 скафандери за еднократна употреба. И во оваа прилика изразувам јавна благодарност до сите кои се вклучени во оваа акција.

*„Сите граѓани треба да имаат доверба во системот, во институциите, бидејќи сите фактори се вклучени посветено и одговорно во борбата за јавното здравје. Кога е здравјето во прашање, сè друго е неважно или се става во втор план, а довербата во надлежните е таа која треба да нè води во ова време на криза.“*

Интервју

**4. Повикавте и на хуманост на дело за да им се помогне семејствата кои живеат во социјален ризик и отворивте донаторска сметка, како тече оваа акција?**

Да, оваа акција беше логична, бидејќи мора како општество и како општина да помогнеме на семејствата кои живеат во социјален ризик. Не може да останеме рамнодушни пред проблемите на нашите соседи,пријатели, роднини, значи мора да одговориме, навремено и да им покажеме дека никого не заборавамe во оваа криза. Први реагираа Живко и Горица Симови кои донираа средства со кои обезбедивме 30 пакети со прехранбени продукти и средства за хигиена и веднаш ги дистрибуиравме до лица кои бараа помош. Акцијата предизвика внимание, така што постојано се јавуваат хумани граѓани институции за донации, па во таа смисла во постапка сме за отворање донаторска денарска сметка, а на барање на наши иселеници веќе отворивме и девизна сметка. Во соработка со Центарот за социјали работи ќе се делат социјалните пакети кои се обезбедуваат на овој начин. Општина Делчево, исто така, има ставка во Буџетот од која перманентно се исплаќа еднократна помош на сите луѓе кои живеат во социјален ризик.

**5. Дали планирате да понудите некои поволности за најпогодените гранки од пандемијата?**

Пандемијата со која сме во борба, очекувано ќе предизвика несакани последици во многу сектори. Владата најави низа економски мерки со цел да се излезе пресрет на најпогодените сектори за да се преброди оваа криза. Како градоначалник со мојот тим разгледуваме мерки со кои би можеле да изреземе пресрет, најпрво, на една од најпогодените гранки, а тоа е угостителството. Засега, би сакал да истакнам дека ќе иницирам до Советот на Општина Делчево да се донесе одлука со која ќе ги ослободиме фирмите од угостителската дејност во Делчево од плаќање комунална такса за користење јавна површина пред деловен објект. Ценам дека оваа мерка ќе биде добредојдена и заедно со мерките кои ги презема Владата, ќе може да се санира состојбата во овој сектор и да нема отпуштања од работа. Во овој тежок момент тоа е клучно.

**6. Животот во вонредна состојба и пандемијата од Ковид-19, ќе има влијание врз реализацијата на инфраструктурните проекти. Најавивте дека 2020 г. ќе биде година на инфраструктурата во Делчево?**

Јавното здравје е пред сè и над сè. Денес водиме битка со коронавирусот, но очекувам по средување на состојбата, да се продолжи онаму каде што застанавме. Да, 2020 година е година која ја посветивме на инфраструктурата, бидејќи како никогаш досега, Општина Делчево доби средства за реализација на значајни инфраструктурни проекти.Овде ќе ја потенцирам Одлуката на Владата на Делчево да додели близу 800.000 евра за изградба на локални патишта. Во рамките на овој проект, Општина Делчево во првата фаза аплицираше за реализација на проектите: реконструкција на ул „Орце Николов“ во должина од 500 м со изградба на тротоари, реконструкција на ул. „Скопска“ во должина од 250 м со изградба на тротоари, реконструкција на дел од ул „Острец“ во должина од околу 100 м со изградба на потпорен ѕид и тротоари, како и изградба на стариот локален пат Делчево-Работивиште во должина од 5,3 км заедно со инсталирање систем за одводнување со отворен канал и пропусти.

Проектите се предвидени за тендерирање од страна на Министерството за транспорт и врски во текот на 2020 година. Како ќе се одвива реализација ќе видиме наредниот период по смирување на заразата со коронавирусот.
Сакам да истакнам дека добро ги знаеме проблемите на граѓаните, дел од овие проблеми ги решававме во претходниот период, но во дел од населбите и во 21 век се гази по кал и се живее во прашина. Оваа слика мора да ја промениме и ја променуваме, само со планско и одговорно работење и со серизона поддршка и грижа од Владата. Следува изградба и реконструкција на улици во градот и во останатите населени места во Општината, односно интервенираме секаде каде што има потреба.
Општина Делчево за тековната година издвои 12 милиони денари од сопствениот Буџет за изградба и реконструкција на локалната патна инфраструктура, а заврши и тендерот за најповолен понудувач за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги-МСИП, кој го спроведе Министерството за финансии со поддршка на Светска банка  со подзаем во износ од 32.252.287 денари за реконструкција на три улици во градот, две постојни и една земјена улица. Станува збор за улиците „Маршал Тито“, на потегот од касарната до Таушанско маало во должина од 743 метри, потоа улицата „Вера Јоциќ“ над гимназијата „М.М.Брицо“ во должина од 599 метри и улица 7 во населба СРЦ, каде ќе се гради комплетно нова улица во должина од 290 метри.
Во овој период се реализира изградбата на улиците во населба Басарица, во зависност од кризата и мерките, ќе се градат улици во сите реони во Старо Делчево, исто така и во повеќе села, за кои веќе изработивме проекти, а дел од нив се во изработка.
Овде мора да споменам и дека оваа година планираме да започнеме со изградба на градскиот пазар за што имаме обезбедено средства.
Но, како што споменав претходно, пред нас е предизвикот да извојуваме победа над заразата, а потоа целосно се посветуваме кон реализацијата на најавените проекти.

**7. Како тече реализацијата на веќе отпочнатите проекти?**

Изградбата на пристапните патеки на пешачкиот мост е при крај. Очекувам со градежните работи да се заврши до крајот на месец април. Исто така, се работи и на изградбата на градската капела. Вонредната состојба во државава, но би рекол и лошите временски услови оваа пролет, влијаат директно врз реализацијата на овие проекти.

**8. За крај, што би им порачале на граѓаните на Делчево?**

Граѓаните да останат дома, да ги почитуваат мерките од Владата и со свој личен пример да придонесат во борбата со заразата Ковид 19. Колку сме подисциплинирани толку побрзо ќе излеземе како победници од овој предизвик. Оваа борба е на сите нас.

Интервју

***„Ќе иницирам до Советот на Општина Делчево да се донесе одлука со која ќе ги ослободиме фирмите од угостителската дејност во Делчево од плаќање комунална такса за користење јавна површина пред деловен објект. Ценам дека оваа мерка ќе биде добредојдено и заедно со економските мерки од Владата, ќе може да се санира состојбата во овој сектор и да нема отпуштања од работа. Во овој тежок момент тоа е клучно.“***

Совет на Општина Делчево

# Советниците донесоа препораки за заштита на здравјето на граѓаните на територијата на Општина Делчево




На предлог на градоначалникот Горан Трајковски, советниците на 37 Седница на Советот на Општина Делчево донесоа Одлука со која се препорачуваат низа локални мерки за заштита од појавата и евентуалното ширење на заразата од коронавирусот.

Претседателот на Советот на Општина Делчево, Драган Маневски, истакна дека следејќи ја состојбата со актуелната пандемија со коронавирусот, Општина Делчево е исправена пред предизвикот да се сочува здравјето на граѓаните и да не се дозволи ширење на болеста и на териоторијата на Општина Делчево.

-Со цел да ја зачуваме мирната епидемиолошка слика и да не дозволиме евентуална појава и ширење на вирусот, како одговорна Општина, на предлог на градоначалникот Горан Трајковски, денеска донесовме Одлука со која ги официјализираме мерките кои ќе се преземат на локално ниво, а по препорака на Министерството за здравство, рече Маневски.

Претседателот на Советот, Маневски, испрати апел до граѓаните на Општина Делчево да ги почитуваат препораките од Министерството за здравство со цел да ја сочуваме мирната епидемиолошка слика во Делчево и да ја превенираме пандемичната зараза.

Совет на Општина Делчево

## Препораки

1. Времено се укинуваат приемните денови во Општина Делчево и работата со странки при ЕЛС Општина Делчево. Своите потреби, информации и прашања граѓаните ќе можат да ги реализираат, секој работен ден од понеделник до петок од 7:30 -15:30 часот на телефонот (033) 411 550 со следните локали:
-Одделение за урбанизам – локал 115,-Сектор за финансии – локал 107;-Едношалтерски центар – локал 114;-Преку праќање на е-маил на следната електронска пошта: **info@delcevo.gov.mk**; Преку официјалната веб-страница на ЕЛС Општина Делчево –www.delcevo.gov.mk

Службите на ЕЛС Општина Делчево се ставени во функција да им излезат во пресрет на сите граѓани, да ги информираат за начинот на достава, начинот на поднесување барања и слични документи преку горенаведените начини за комуникација.

2. Да се изврши дезинфекција на сите лиценцирани возила (комбиња, автобуси, такси) за јавен превоз. Во зависност од потребата, дезинфекцијата да се врши повеќекратно во текот на денот.
Да се изврши дезинфекција на градинките, основните и средните училишта, како и дневните центри согласно со препораките од Министерство за здравство и Министерство за образование и наука.

3. Се наложува на ТППЕ Делчево и ЈКП „Брегалница“ редовно да ги мијат улиците во централното градско подрачје, каде има поголема фреквенција на луѓе, посебно по завршување на пазарниот ден на градскиот пазар.

4. Се забранува организирање локални настани, јавни собири, културни манифестации, промоции, панаѓури, саеми, спортски настани и слично на локално ниво, сè до моментот на изрекување нови мерки и препораки од страна на Министерство за здравство на РСМ.

На 37 Седница на Советот на Општина Делчево беа донесени и завршните сметки на Општина Делчево и на јавните локални институции.





# Делчевските советници се откажаа од паушалите



Совет на Општина Делчево

На редовната, 38 Седница на Советот, советниците од делчевскиот Совет едногласно ја прифатија Одлуката предложена од претседателот на Советот, Драган Маневски, со која се откажуваат од паушалите за наредните две седници.

Со оваа Одлука се запира исплатата на надоместокот за присуство на членовите на Советот на Општина Делчево за првите 2 наредни седници на Советот на Општина Делчево, а Одлуката се однесува на членовите на Советот кои имаат засновано работен однос на неопределено време, а нема да се применува на членовите на Советот на Општина Делчево кои се невработени.

Средствата ќе бидат уплатени на посебна сметка и ќе бидат искористени исклучиво за справување со кризата предизвикана од коронавирус COVID-19. За потрошените средства и намената за која се потрошени, Општина Делчево треба да достави Извештај до Советот на Општина Делчево.

Претседателот на Советот, Маневски истакна дека советниците во Советот на Општина Делчево се подготвени да се откажат од паушалите и да работат без никаков надомест во интерес на граѓаните и во наредниот период, доколку кризата со оваа зараза продолжи.

Сакам да потенцирам и да испратам апел до сите партиски чинители дека во ова време на криза, нечовечно е и какво било политичко поентирање, бидејќи во моментов нашите граѓани и нашата држава имаат само еден непријател, а тоа е вирусот Ковид-19. Само заедно, солидарни и без политиканство и задни намери, можеме да ја победиме кризата и со вакви и слични одлуки да помогнеме на нашето општество да заздрави од кризата. Како претстедател на Советот на Општина Делчево, будно и сериозно ја следам состојбата и сакам да изразам јавна благодарност до градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски и службите во Општина Делчево, за одговорното и навременото спроведување на мерките кои во вид на Одлука ги донесовме на Советот, а сѐ со цел спречување на појавата и ширењето на коронавирусот на територијата на Општина Делчево, рече Маневски.
Маневски им порача на граѓаните да ги почитуваат мерките на Минситерството за здравство и да не се дозволи болеста да се прошири и на територија на Општина Делчево.

Совет на Општина Делчево

# Одржана 36 Седница на Советот на Општина Делчево




Советниците на редовната 36 Седница на Советот го усвоија Заклучокот за извршувањето на Буџетот за последниот квартал за 2019 кој изнесува 87,5%, односно од вкупно планираните приходи од 291.929.112 ден., за четвртиот квартал се реализирани 254.514.946 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани вкупно тековно -оперативни и капитални приходи во износ од 118.999.700 ден. реализирани се 105.541.822 ден. или 88,7%. Во Буџетот на дотации од планирани 148.033.412 приходи реализирани се 136.515.852 или 92,2%, во Буџетот на донации од планирани 7.529.000 денари, реализирани се 2.728.197 ден., или 36,2% во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани17.367.000 реализирани се 10.632.786 денари или 61,2%.

Даночните приходи се наплатени во износ од 30.716.853 ден. од вкупно планирани 32.638.984 ден. или 94%. Неданочните приходи се планирани во износ од 5.089.148 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, а се реализирани во износ од 5.225.035 денари(102,7%).

Капиталните приходи се наплатени во износ од 3.801.919 ден. од вкупно планирани 3.975.000 ден.или 95,6%, а тоа се приходите од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата,надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација.

Вкупните расходи се планирани во износ од 291.929.112 денари. Од нив се реализирани 254.514.946 или 87,5%. Во Основниот буџет од вкупно планирани 118.999.700 ден. реализирани се 105.541.822 ден.или 87%.

Капиталните расходи се реализирани во износ од 37.193.594 денари од планираните 48.081.000 или 77,3%, додека на ставка 482 се реализирани 31.128.121 од планираните 42.013.000 ден. или 74% , а дел од нив се распоредени: за изготвување проекти се потрошени 1.778.248 ден.; за изградба на улици и патишта – 13.324.556 денари; за реконструкција на улици и патишта -12.589.360 ден; за набавка на цевки за канализација- 274.593 ден; за надомест на одземен имот 4.775.886; изградба и реконструкција на други објекти во износ од 564.441 ден.; отплата на главен долг за реконструкција на детската градинка во износ од 1.852.636 денари.

На Седницата на Советот, меѓу другото, советниците ја донесоа и Програмата за управување со отпад на Општина Делчево за 2020 г., а донесоа и повеќе одлуки за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти надвор од планскиот опфат.

Активности за спречување на зарасата со коронавирусот

## Апел од градоначалникот Трајковски: почитувајте ги препораките од Министерството за здравство



Со цел сочувување на мирната епидемиолошка состојба, Општина Делчево презема низа превентивни мерки со цел спречување на појавата и евентуалното ширење на заразата од коронавирусот.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, апелира до граѓаните да ги почитуваат мерките за заштита на здравјето дадени од Минситерството за здравство

- Се апелира до сите граѓани да го намалат движењето во институциите, освен за итни и неодложни работи, движењето надвор од своите домови да го сведат на минимум, единствено за неодложни и итни потреби. Особено да се избегнува посета на угостителски објекти, паркови, отворени и затворени простори со капацитет за собирање на поголема група на луѓе, истакна Трајковски.

## Формирани мобилни тимови за помош на граѓаните

Следејќи ги препораките од Владата на РСМ, а со цел како одговорна општина да се излезе во пресрет на граѓаните на кои им е потребна помош, Општина Делчево, формираше мобилни тимови за помош на сите стари и изнемоштени лица или хронично болни и лица со инвалидитет во Општината.

Мобилните тимови се активирани од 16.03.20., а градоначалникот Трајковски на прес-конференција објави дека секој граѓанин од наведените категории, кој има потреба од набавка на лекарства, прехранбени производи и средства за хигиена, со цел да не се изложуваат на дополнителен ризик од инфицирање со коронавирус, ќе може телефонски да ги контактираат тимовите, секој работен ден од 08:00 до 18:00 ч. на следните телефонски броеви:
075 367 927 -075 367 903.




## Дезинфекција на фреквентните улици по селските населби и во градот Делчево



Се изврши дезинфицирањето на фреквентните улици по селските населби во Општина Делчево. Екипите на ТППЕ Делчево акцијата ја започнуваат од најоддалеченото село во Општината, Разловци, каде ќе се дезинфицираат улиците во центарот на селото и оние каде има вообичаено поголема фреквенција. Акцијата ќе продолжи во селата Тработотивиште, Вирче, Град, Стамер и Ѕвегор, односно во сите села од збиен тип.
Дезинфекцијата се врши со раствор од хлор.
Во градот Делчево се спроведе третата дезинфекција на фреквентните улици во градот Делчево, а дезинфицирањето на улиците ќе продолжи и наредниот период.
За реализација на оваа мерка, ЈКП „Брегалница“ има набавено хлор во количина од 1000 литри.

Актуелности

# Акција на делчевските фирми за обезбедување заштитни маски



Во делчевската фирма „Милтекс-кал“, деновиве интензивно се шијат платнени заштитни маски за лице. Тие ќе бидат донирани за потребите на делчевската полиција, здравствените работници, вработените во царинската испостава Делчево, на пожарникарите, на сите ученици од основно и средно образование кои ќе бидат поделени преку нивните класни раководители и мобилни тимови формирани од општината, на децата од Дневниот центар, на Здружението на пензионери и на сите лица од социјално ранливите категории. Се изработуваат околу 6000 парчиња маски, од платно за повеќекратна употреба. Платното за изработка на маските го обезбеди Општина Делчево од беровската фирма „Алкалоид“, додека сопственикот на фирмата, Миле Иванов, доброволно и бесплатно ќе ги сошие маските.

Градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски, ја поздрави оваа иницијатива на нашиот сограѓанин Миле Иванов истакнувајќи дека хуманоста и општествента одговорност се најпотребни во време како што е оваа криза.

-Изразувам благодарност до нашиот сограѓанин Иванов, кој несебично се понуди за потребите на граѓаните да ги сошие вие маски. Сега е време за сериозни одлуки и постапки, сега е време да си помагаме едни на други и да обебзедиме заштита за нашите вработни во полицијата, здравствените работници, пожарникарите, но и за други граѓани кои секојдневно се на работните места со цел ние, граѓаните, да бидеме заштитени. Јас ги повикувам и другите фирми од Делчево да покажат иницијатива и на свој начин да ја покажат својата хуманост и општествена одвогорност, рече Трајковски.

# Продолжува хуманата акција на делчевските фирми: „Сакаме да ви се заблагодариме за сè што правите за нас“



Пластични заштити на лице изработени во делчевската фирма „Брегал“ од денеска се дистрибуираат во инфективните болници во сите градови на државава. Со порака „Сакаме да ви се заблагодариме за сè што правите за доброто на сите“, пластични заштити ќе добијат болниците каде веќе се лекуваат болни од коронавирус, како Инфективната клиника Скопје, болниците во Тетово, Штип, Охрид, Дебар, Куманово, Клиниката за гинекологија Скопје, болницата „8 Септември“ Скопје, како и Општата болница во Кочани и Здравствениот дом во Делчево. Досега се изработени над 200 вакви пластични заштити, но се планира производството на овие пластични заштитни маски да продолжи и во иднина и согласно со потребите.

Инаку, претходните денови, во акцијата се вклучија повеќе делчевски фирми кои изрботуваат над 10.000 маски. Сите одговорија и се вклучија во големата акција во Делчево иницирана од Општина Делчево и градоначалникот Трајковски кој повика на солидарност и одговорност во борбата со невидливиот непријател, а со цел заштита на сите вработени од надлежните институции кои се први на удар на заразата, но и на сите граѓани во Делчево.

# Дезинфекција на сите јавни локални институции, јавните површини и објекти во Општина Делчево



Општина Делчево во соработка со ЈУ Центар за јавно здравје Кочани-Епидемиолошка служба Делчево, ја реализира мерката за дезинфекција на работните простории на јавните локални институции.

Извршена е дезинфекција на просториите на ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“ заедно со подрачните училишта, работните простории во Општина Делчево, како и ТППЕ Делчево, мултифункционалната сала, просториите на ЈЛБ „Илинден“, просториите каде што е сместено Одделението за инспекциски надзор. Исто така, извршена е дезинфекција на просториите на ОЈУДГ „Весели цветови“, како и СОУ „М.М.Брицо“.
Екипи на ТППЕ од Делчево редовно вршат дезинфекција на влезовите и вратите на објектите, трговски дуќани, маркети, аптеки и др. објекти каде има поголема фреквенција на луѓе. Исто така, со поддршка на екипи на ЈКП „Брегалница“ се врши редовна дезинфекција на парковите, детските игралишта, каде се врши дезинфекција и на урбаната опрема.



## Локални фирми се вклучија во акцијата за обезбедување заштитни средства

Делчевски фирми експресно одговораат на повикот на градоначалникот Трајковски и се вклучија во набавката и изработката на платнени маски за лице. Во делчевската фирма „Милтекс-кал“, деновиве интензивно се шијат платнени заштитни маски за лице. Фирмата „АЛПИН-КОМ“ донираше материјал за изработка на 4.000 маски. Во акцијата се вклучува и конфекцијата „ДАМЈАНОВ“ која ќе ги изработува маските, додека „ФРОТИРКА“ помогна во набавката на потребните репроматеријали. Деновиве и конфекцијата „Игматекс“ која има свој погон во с. Разловци изработи маски за лице и ги подели бесплатно на жителите во селото, а во тек е акција на фирми од Делчево со која се собираат средства за набавка и на други потребни материјали за заштита. Оваа голема акција за обезбедување основни заштитни средства за заштита од заразата, а наменети за надлежните служби кои се на првите линии во борбата со заразата, како и за граѓаните на Делчево, е вистинска реакција на одговорни и солидарни луѓе во време на криза, истакна градоначалникот Трајковски кој им изрази јавна благодарност за брзата реакција.

## Се дистрибуира помошта во заштитни средства

Мобилни екипи на Општина Делчево започнаа со дистрибуција на средствата за заштита собрани од донацијата од Општина Делчево и делчевски фирми.
Донацијата се состои од маски и дезинфициенси, а таа се распределува до институциите кои во овој период на вонредна состојба се активни и работат на превенција и заштита на населението од појава на заразата од коронавирусот.

-Уште еднаш изразувам јавна благодарност до сите фирми кои се вклучија во оваа голема акција. Во ова време на криза кога здравјето на поединецот е над сè и пред сè, потребно е секој со личен пример да покаже одговорност и солидарност. Само сите заедно ќе излеземе победници во борбата со пандемијата во 21-от век, ова е борба на сите нас, истакна Трајковски.



Активности за спречување на зарасата со коронавирусот




# Заклучоци од Регионалниот кризен штаб на општините Делчево и М. Каменица: Се затвора градскиот зелен пазар во Делчево

Времено затворање на зелениот градски пазар, како и на сточниот пазар во Делчево е една од мерките донесени на денешниот состанок на Регионалниот кризен штаб за општините Делчево и М. Каменица. Освен градоначалниците на Делчево и М.Каменица, на состанокот свикан на иницијатива на ЦУК-Делчево, присуствуваа претставници од ДЗС- Делчево, ЦУК-Делчево, РЦГР- Исток, ПС Делчево, ПС М. Каменица, Здравствениот дом „Гоце Делчев“, ОО на Црвен крст Делчево, ТППЕ Делчево, како и претставници од јавните комунални претпријатија од двете општини. Со единствена точка на Дневниот ред, информација и препораки за преземање превентивни мерки за спречување на појавата и заштита од ширење на заразата од коронавирусот, присутните ги дефинираа следните одлуки на Регионалниот кризен штаб:

1. Да се почитуваат мерките и препораките донесени од страна на Владата на РСМ

- Сите лица кои дошле од земјите со висок и среден ризик да ја почитуваат мерката самоизолација во траење од 14 дена;
- Доколку овие и други лица почувствуваат симптоми на болеста коронавирус-COVID 19, да не се упатуваат лично во здравствените институции туку да се јават на телефонот на ЦЈЗ 071-373-913 од каде ќе добијат насоки како да постапат и на кој начин ќе им биде извршено тестирање за болеста;
- Сите институции на локално ниво да извршат дезинфекција на работните простории и, доколку работат со странки, да обезбедат средства за дезинфекција на влезовите во институциите;
- Приватните компании кои вршат превоз на своите работници со организиран превоз да вршат честа и редовна дезинфекција на возилата за превоз, да вршат честа и редовна дезинфекција на просториите и да преземат мерки за подигнување на хигиената во работните простории;
- Советите на станарите во колективните живеалишта да извршат дезинфекција на влезовите и скалите во зградите.

2. ЈЗУ ЗД Гоце Делчев - Делчево да обезбеди возило кое ќе има единствена намена да врши превоз на инфицирани лица или на сомнителни случаи до инфективните клиники согласно со претходна консултација и препорака од ЦЈЗ.
3. ЕЛС Делчево и ЕЛС М.Каменица да вршат редовна и честа дезинфекција на улиците, тротоарите и урбаната опрема во градовите и населените места.
4. Да се изврши затварање на градските пазари во градовите Делчево и М.Каменица со цел превенција од можно ширење на оваа болест до донесување на наредна одлука.
5. Такси- компаниите и компаниите кои вршат јавен превоз на подрачјето на општините Делчево и М.Каменица да вршат честа и редовна дезинфекција на возилата.
6. Локалните маркети, продавници, аптеки и банки да го ограничат бројот на присутни лица во исто време внатре во објектите со цел да се намали опасноста од можно ширење на оваа болест да се одржува прописно растојание помеѓу посетителите, а исто така, на влезовите во овие објекти да се поставaт садови со раствор за дезинфекција на обувките на посетителите.
7. Апел до граѓаните да не се крева паника и да не се врши панично купување залихи од храна, бидејќи маркетите и продавниците вршат редова дополна.
8. Секоја институција да назначи лице за координација и наредни состаноци и податоци за тоа лице да се доставaт до РЦУК – Делчево веднаш по добивањето на заклучоците.

# Хуманост на дело- акција за донации наменета за социјално ранливи категории граѓани



Хуманитарни пакети за социјално ранливи категории во Делчево обезбедија Живко и Горица Симови вработени во ООУ „Св.Климент Охридски“. Со нивната донација од 30.000 денари се обезбедени 30 хуманитарни пакети составени од средства за хигиена и прехранбени продукти. Овие пакети ќе бидат доставени до семејства кои живеат во социјален ризик.

Мотивот за оваа донација на Симови е да се помогне на семејства кои живеат во социјален ризик, полесно да ја поминаат оваа криза. Со оваа донација започна и хуманитарната акција на Општина Делчево „Хуманост на дело“ со која ќе се собираат средства за да се помогне на оние на кои им е најпотребна помош во оваа вонредна состојба.

Следејќи го интересот за донирање кај физичките и правните лица во Делчево, Општина Делчево е во постапка за отворање донаторска сметка за таа намена, а отворена е и сметка на која ќе можат да донираат наши сограѓани кои живеат и работат во странство.

# Далечинско учење во делчевските училишта




Согласно уредбите со законска сила за примена на Законот за основното образование и Законот за средното образование за време на вонредна состојба, наставата во основните општински училишта „Ванчо Прке“ и „Св.Климент Охридски“ од Делчево, како и во Средното општинско училиште „Методи Митевски- Брицо“ од Делчево се организира преку далечинско учење, односно учење од дома со примена на средства за електронска комуникација.

Од причина што има ученици со место на живеење каде нема достапен интернет и ученици од социјално ранливи категории на семејства, а по барање на Министерството за образование и наука, денеска од општинските училишта од Делчево ќе бидат пуштени бараните податоци за оваа категорија на ученици до Министерството, за да се изнајде начин, како и тие ученици да ја следат наставата. Ваквиот начин на организирање на наставата ќе се одвива сè додека трае вонредната состојба во Рерпублика Северна Македонија.

Од училиштата потенцираат дека најчесто комуникацијата со учениците се врши преку социјалните мрежи, но и со пораки до родителите на учениците од помалата возраст како помагатели во извршувањето на задачите кои им се задаваат како вежби или домашни изработки. Наставниците ги следат и постапно им ги презентираат новите наставни содржини планирани според редоследот на наставните планови за месецот март.Секако не изостанува и видеопрезентацијата кои некои наставници веќе ги имаат инсталирано преку платформи со линкови од содржините. Изработените содржини се чуваат во папки како документи со кои ќе се потврдуваат успесите, интересот и ќе се вреднуваат постигнувањата на учениците со кои постојано се во комуникација.
Во меѓувреме се работи на национална веб-платформа за образование препорачана од МОН -Едуино.

Актуелности

# Нова ЕУ -програма: ИПА 2020 за општините



Сесијата „Бура од идеи“ во рамките на подготвителните активности за ИПА 2020 за општините се одржа денеска во Делчево. На сесијата присуствуваа претставници од Општина Делчево, НВО-секторот и од локалните институции, а процесот го водеа тим-лидерот на проектот Клаус Рихтер и Бардул Марку, експерт на проектот.

На сесијата, учество зеде и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој истакна дека програмата ќе даде значителна поддршка на општините и ќе отвори нови можности за решавање на проблемите на општините.

На средбата, беа образложени деталите за новата програма ИПА 2020, за можностите кои ги нуди, како и за можностите за партнерски здружувања на општината и сл.

Носител на проектот е Општината.

На сесијата беше потенцирано дека вкупниот буџет на проектот кој се однесува за сите 80 општини и градот Скопје изнесува 6,25 милиони евра, односно ќе бидат прифатени од 12 до15 апликации од општини во износ од 500.000 евра.

# Општина Делчево дел од Програмата РОМАКТЕД

Општина Делчево е дел од заедничката Програма на Советот на Европа и ЕУ, РОМАКТЕД, што значи Програма за промовирање добро владеење и зајакнување на Ромите на локално ниво“. Програмата е наменета за јакнење на локалните координативни тела, формирани во рамките на имплементацијата на локалните акциски планови, како и реализација на проекти во детектираните областите во ЛАП: образование, вработување, домување и здравство.

На вториот состанок на Советодавната група кој се одржа во Скопје, учество зедоа високи претставници од Владата на РСМ, Советот на Европа и Делегацијата на ЕУ во РСМ, како и претставници од општините и НВО-сектор и ромската заедница.

Во Програмата, освен Општина Делчево, се приклучени уште 12 општини од државава.



# Партерно уредување на просторот кај Жито-маркетот на стариот пазар



Просторот кај стариот градски пазар пред Жито-маркетот во центарот на Делчево кој досега наликуваше на депонија, ќе добие нов лик. Екипи на ЈКП „Брегалница“ интензивно работат на партерно уредување на просторот со површина од 220 м2. Со механизација и рачно се раскопува стариот бетон и плочките кои беа доста оштетени, а на нивно место ќе се постават бехатон плочки, а се планира и хортикултурно уредување на просторот што подразбира засадување садници, цвеќиња, поставување урбана опрема, како и уредување на дел до просторот наменет за паркирање.

Претходно на оваа локација беа санирани и оштетените скали кои поврзуваат со главната улица „Маршал Тито“.

Актуелности

# Општина Делчево со нова веб-страница

Со цел да се остварат заложбите за поголема транспарентност и отчетност на Општина Делчево, во функција е новата веб-страница на која изминатиов период се работеше интензивно од страна на ит-лицата и лицето задолжено за односи со јавност во Општина Делчево. Согласно со Програмата за односи со јавноста на Општина Делчево за 2020 година, како и согласно со препораките од Стратегијата за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024 г., новата веб-страница ги содржи сите потребни алатки кои треба да ги имплементира принципите на отвореност, отчетност и транспарентност.
За прв пат на веб-страницата, покрај основните податоци за Општина Делчево, за администрацијата, е-документите, стратешките документи, финансиските извештаи и сл, објавен е Граѓанскиот буџет на Општина Делчево за 2020, како и регистерот на услуги на Општина Делчево.

Исто така, новата веб-страница ви нуди и анкета на која можете да дадете одговор на прашањето кое е поставено, а се однесува на квалитетот на општинските услуги, со што за прв пат, Општината бара он-лајн повратна информација од граѓаните со што ќе се мери задоволството на граѓаните и ќе се прифаќаат нивните коментари и забелешки. Исто така, лесно достапна е и можноста за директно поставување прашање до градоначалникот или до администрацијата, а видливи се и контактите од вработените во општинската администрација поделени во сектори и одделенија. Новата веб-страница дава можности во наредниот период да се врши и пренос во живо на седниците на Советот на Општина Делчево, а редовно ќе се изработува и електронски месечен информатор „Инфо Делчево“.
Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, при презентацијата на новата веб-страница истакна дека со новата веб-страница, Општина Делчево прави голем чекор напред во однос на траспарентноста и отвореноста.

-Новата веб-страница е последователен тек на вкупната работа која изминатиов период се работеше на полето на отчетноста и транспарентноста. Општина Делчево две години по ред изработува Програма за промоција и односи со јавноста и е една од ретките општини во државава која стратешки ги планира односите со јавноста, односно во соработка со Регионалниот центар за застапување изработивме Стратегија за надворешна комуникација. Веб-страницата, покрај другите алатки што се користат, треба да придонесе за поголема отчетност и транспарентност, но и почитувајќи го начелото на активната транспарентност, сите активности на Општина Делчево стануваат повидливи и подостапни за нашите сограѓани, рече Трајковски.

Новата веб-страница можете да ја следите на линкот www.delcevo.gov.mk



Актуелности

# За прв пат поставени контејнери за комунален отпад во Разловци



Девет нови контејнери, се поставија во најоддалеченото село во Општина Делчево, Разловци, со што за прв пат ова село добива садови за собирање комунален отпад. Локациите каде се поставени контејнерите се дадени како предлог од жителите и во консултација со надлежните служби од Општина Делчево.

Со поставувањето на контејнерите и ова делчевско населено место, влегува во планот за работа на ЈКП „Брегалница“ за редовно чистење на депонираниот отпад во контејнерите со што се очекува да се зголеми свесноста на жителите за животната средина и директно да се придонесе во борбата со дивите депонии кои се голем проблем во Разловци.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој беше во Разловци и разговараше со жителите на селото, истакна дека поставувањето контејнери во Разловци е дел од неговата програма и во насока за подобрување на чистотата на животната средина.

Трајковски најави дека контејнери за комунален отпад ќе бидат поставени и во другите населени места, каде досега немало поставено садови за отпад.

Набавени се 23 контејнери со вредност од вредни 371.000 денари.

# Санација се скалите кај ресторан „Трла“ и на ул. „Ленинова“

Санирани се скалите кај ресторанот „Трла“ и на ул „Ленинова“. Оставени на забот на времето, корозирани, нестабилни и без парапети, со години претставуваа ризик и често беа причина за повреди кај граѓани кои секојдневно ги користат. На барање на жителите, а и согласно со Програмата за работа на градоначалникот, деновиве екипи на ЈКП „Брегалница“ извршија санација на скалилата, санирање и поставување стабилна подлога и соодветни парапети.





# Нови парковски канти и контејнери за селекција на отпад



Парковски канти за отпадоци и контејнери за селекција на отпад денеска се дистрибуирани до Општина Делчево како дел од проектот кој го реализира ЛАГ Малеш-Пијанец, а со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка и рурален развој. Делчево доби 32 парковски канти, 6 контејнери за селекција на отпад и опрема за видео надзор на 2 локации за контрола и зачувување на убаната опрема. Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, истакна дека парковските канти ќе се постават на јавните површини и паркови во централното градско подрачје, а контејнерите за селекција на отпад ќе се постават во училишните дворови со цел децата од најмала возраст да се учат да го селектираат отпадот, а со тоа да дадат свој придонес во зачувување на животната средина. Средствата кои ЛАГ-от ги доби од ресорното Министерство се во висина од 880.000 денари.

Актуелности

# Соопштение

Општина Делчево ги информира граѓаните дека е во постапка за отворање донаторска сметка со цел прибирање донации за хуманитарни цели наменети за социјално ранливи категории и во насока за потребите од превенција и спречување на појавата од ширење на заразата од КОВИД 19 на територијата на Делчево.

За таа намена, отворена е и сметка на која ќе можат да донираат наши сограѓани кои живеат и работат во странство. Уплатите од странските држави може да се вршат на следната сметка:

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Skopje, 27.03.2020**

**ACCOUNT DETAILS**
For payments in EUR only

**Correspondent bank details:**
DEUTSCHE BUNDESBANK ZENTRALE
Address:
Wilhelm Epstein strasse 14
Frankfurt am Main
GERMANY

SWIFT BIC: MARK DE FF

**Bank details:**
NATIONAL BANK OF THE REPUBLIC OF NORTH OF MACEDONIA
Address:
Bul."Kuzman Josifovski Pitu" br.1
1000 Skopje
NORTH MACEDONIA

SWIFT BIC: NBRM MK 2X

**Final beneficiary:**
**IBAN : MK07100701000078255**
**Name: Opstina Delcevo**
**Details of payment:**

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-401
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.mk**

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**


**Инфо Делчево на web: delcevo.gov.mk**